РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 02-3044/2
30.07. 2024 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

**Комисија за селекција за избор на член на Надзорен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци**

Бр.02-
јули 2024 година
Велес

Врз основа на член 17, 17-б и 17-в од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на Републиика Македонија'' бр.338/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12,119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.75/19, 89/22 и 274/22), како и чл.4 и чл.5 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија (,,Службен весник на Републиика Северна Македонија'' бр.283 од 27.12.2022 година, Комисијата за селекција за избор на член на Надзорен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци формирана со Решение арх.бр.25-2823/24 од 08.07.2024 година, од страна на Советот на Општина Велес во состав:

1.Анита Пивкова-претседател
2.Сања Самаракова-член
3.Сања Карабатова Игновска член

за својата работа, го изготви следниот

## ЗАПИСНИК

Состанокот на Комисијата одржан на 30 јули 2024 година, започна во 12,30 часот и со него претседаваше претседателот на Комисијата, Анита Пивкова.

На сотснокот на Комисијата присуствуваа членот Сања Самаракова и членот Сања Карабатова Игновска.

Согласно член 17-б и член 17-в од Законот за јавните претпријатија, Комисијата спроведе административна селекција на кандидатот за член на надзорен одбор, уредно пријавен на Јавниот повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Надзорен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци бр.25-2823/22 од 08.07.2024 година.

При административната селекција (фаза1), Комисијата изврши проверка на внесените податоци во поднесената пријава со условите утврдени со Јавниот повик и

Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и врз основа на член 5 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување, селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија изврши бодување на пријавениот кандидат, според стекнато образование и работното искуство во струката, при што ги бодуваше и сите поединечни докази (сертификати, лиценци, уеренија, дипломи издадени од акредитирани институции) од областа за која треба да биде членот на Надзорниот одбор.

Врз основа на спроведената административна селекција Комисијата констатираше дека на Јавниот повик е пријавен само еден кандидат и истиот ги исполнува условите утврдени во Јавниот повик, при што изврши бодување на доставените докази:

- Сашка Чонева Симсарова-работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие- 26 бода.
  -бодови за стекнато образование-10 бода
  -бодови за работно искуство во струката-15 бода
  -останати докази (сертификати, уверенија, лиценци)-1 бод

Кандидатот, најдоцна 24 часа од денот на објавувањето на записникот на веб страницата на основачот, може да побара увид во однос на бодувањето на доказите кои ги има доставено кон пријавата и да и укаже на Комисијата за несоодветност во однос на бодувањето.

Состанокот на Комисијата заврши во 13,00 часот.

**Комисија за селекција за избор на член на Надзорен одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР-ШЕПА Кавадарци**

Анита Пивкова, Претседател-----------------
Сања Самаракова, Член____
Сања Карабатова Игновскак член